Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-170/5
22-09-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-170/1 од 13.02.2023 година, поднесена од [redacted] застапуван од [redacted] за утврдување на дискриминација врз основ на раса, боја на кожа, социјално потекло, имотен статус или друг основ во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 27.07.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на етничка припадност, припадност на маргинализирана група и имотен статус сторена врз група на лица Роми жители во местото [redacted] сторена од страна на Јавно претпријатие „Водовод и канализација" – Скопје и Општина Гази Баба.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 13.02.2023 година [redacted] застапуван од [redacted] поднесе Претставка бр. 08-170/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).

Подносителот наведува дека претставката ја поднесува од име на засегната група на семејства кои живеат во местото [redacted] во непосредна близина на централното градско подрачје на Општина Гази Баба. Имено, подносителот истакнува дека пишува во име на припадници на ромското население кое живее во местото наречено [redacted] на централното подрачје по левата страна на реката Вардар, кое е дом на 25 ромски семејства составени од 70-80 индивидуи, помеѓу кои има и деца и постари лица и истите тука живееле од 1975 година, бидејќи други домови немале, односно се бездомници. Се наведува дека условите за живеење се мизерни од секој можен аспект, а конструкциите кои самите ги направиле од материјали кои успеале да ги соберат се пред распаѓање, со што постојано има сериозна опасност кровот да падне врз нивните глави. Следствено на тоа, дополнителен проблем со кој се соочуваат е ограничениот пристап до вода како основно човеково право. Во просторот кој го населуваат постоела само една чешма во

која водата била со многу низок притисок, недоволен да ги задоволи минималните дневни потреби на 80 индивидуи, а воедно истата никогаш не била микробиолошки тестирана. Покрај тоа, ова место со години не е поврзано кон градската канализациона мрежа, што значи покрај недостатокот од вода истовремено нема ни канализација. Во близина бил поставен еден контејнер за отпад кој неретко бил преполн со ѓубре од целиот реон, па оттаму сметот се собирал во самото населено место и истиот немало каде соодветно да се исфрли. Со тоа нивното здравје и благосостојба директно се ставени во опасност, а неретко, особено во летниот период, нивните деца биле подложни на зарази и инфекции, состојба која само дополнително била влошена за време на пандемијата на КОВИД-19. Дополнително на тоа, децата биле целосно исклучени од образовниот процес што е недопуштено согласно Уставот и законските прописи. Понатаму се наведува дека повеќето од жителите работеле како собирачи на суровини и не биле корисници на социјална помош. Сето ова резултирало со немање услови за задоволување на елементарните човекови потреби, кои се воедно издигнати и на рамниште на основни човекови права. Подносителот во претставката истакнува дека ромските семејства со години апелирале за проблемите со кои се соочуваат во медиумите, а секое нивно обраќање било дочекано со непрофесионален и одбивен однос и молк. Следствено, подносителот наведува дека ваквата состојба е неприфатлива за држава која е потписничка на Стратегија за интеграција на Ромите 2014-2020, и која претендира за членство во Европската Унија во блиска иднина. Воедно, се потенцира дека нивната етничка припадност не смее да биде причина за немање пристап до јавни услуги и права кои согласно Уставот и законите треба да ги уживаат сите граѓани, подеднакво, за што со цел решавање на комплексните проблеми со кои се соочува оваа група на лица, треба да биде обезбедено соодветно домување и пристап до вода и струја на истите. Во претставката се наведува и дека во месец јули 2022 година била поднесена петиција за соодветно социјално домување и елементарни услови до Општина Гази Баба и до Министерството за труд и социјална политика. Подносителот тврди дека со нерешавање на ваквата состојба на овие лица се прави директна дискриминација врз основа на раса и боја на кожа, припадност на социјална група, имотен статус или припадност на маргинализирана група, со тоа што на засегнатата група на лица и се оневозможува правото на пристап до комунални услуги и истите се во нееднаков третман со останатите, чии што живеалишта се дел од урбанистичкиот план. Според подносителот, државата е должна да обезбеди заштита од дискриминаторски практики во согласност со позитивните прописи и меѓународната регулатива, а видно од наведеното, засегнатата група е дискриминирана по повеќе основи и постои повеќекратна дискриминација. ЈП „Водовод и канализација" - Скопје во соработка со Општина Гази Баба, како примарни институции кои обавуваат дејност од јавен интерес, треба да биде достапна на сите луѓе подеднакво без дискриминација по ниеден основ. На крајот се истакнува дека претставката се поднесува со цел Комисијата да постапи во рамките на законските овластувања, да изврши увид на терен, да утврди дискриминација и да даде препорака/мислење за отстранување на дискриминацијата во согласност со Законот за спречување и заштита од

дискриминација, со цел остварување на универзално загарантираното право на вода. Поконкретно се бара Комисијата да ја задолжи Општина Гази Баба и надлежното комунално претпријатие во најкраток рок да обезбедат воведување на горенаведената населба „со сите нивни жители во ДУП-от на општината, и да обезбедат редовно и стабилно снабдување со вода во домовите на истата".
Подносителот како надополнување на претставката во прилог достави копии на Одговор бр. 08-1266/2 од 15.04.2022 година на Општина Гази Баба, Одговор бр. 10-3971/3 од 09.06.2022 година на Министерството за труд и социјална политика и список на потпишани лица со име и презиме кои се населени на наведеното место [redacted]

Општина Гази Баба на 09.03.2023 година со Допис бр. 1477/2 се изјасни во однос на наводите содржани во претставката. Во дописот се истакнува дека Општина Гази Баба од истиот подносител - [redacted] добила петиција (дел. број на [redacted] од 1 март 2022 година) со иста содржина како и во претставката до Комисијата, преку Генералниот секретаријат при Владата - Сектор за правни работи (дел. број на Генералниот секретаријат при Владата 08-1266/1 од 7 март 2022 година). Одговор на таквата петиција Општина Гази Баба доставила до Генералниот секретаријат при Владата - Сектор за правни прашања на 11 мај 2022 година. Дополнително на тоа, истата петиција општината ја добила и преку Народниот правобранител. Општина Гази Баба наведува во одговорот дека во согласност со Генералниот урбанистички план, делот од објектите на цитираната локација се на планирана улица [redacted] а дел во зона на домување за кои нема донесено Детален урбанистички план. Понатаму, се наведува дека „Општина Гази Баба е надлежна за прашањата од членовите 21 и 22 од Законот за локалната самоуправа, во рамките на расположливите средства од општинскиот Буџет, но не е единствено надлежна! Обврска е на Министерството за труд и социјална политика и на Владата на Република Македонија за решавање на поголемиот дел од прашањата во петицијата од Европскиот центар за правата на Ромите, во која се содржани барања за обезбедување на социјално домување, чиста вода за пиење и поврзување со канализациона мрежа и електрична енергија, социјална помош и здравствена заштита, образование на децата, на повеќе ромски семејства, кои живеат во Општина Гази Баба, во месноста „[redacted], во непосредна близина на централното подрачје од левата страна на реката Вардар.". Во одговорот се истакнува и дека „За жал, Општина Гази баба нема сместувачки капацитети за згрижување на бездомници. На подрачјето на општина Гази Баба, Министерството за труд и социјална политика сместува бездомници, ромски семејства, во поранешната управна зграда на Јавната установа за згрижување деца со социјално-воспитни проблеми "Ранка Милановиќ", сместена на улицата "Перо Наков", која за жал, без контрола е претворена во јавна депонија опасна по здравјето и животите на бездомниците, претежно Роми, кои таму престојуваат и за населението во близина на оваа локација.". Од Општината истакнуваат и дека за социјалните права на бездомниците надлежно е

Министерството за труд и социјална политика, а за социјалните случаи надлежните се центрите за социјални работи. Дополнително наведуваат дека училиштата и градинките како и здравствените установи се достапни за сите жители во Општина Гази Баба, без сегрегација по ниту една основа кон никого. На крајот во одговорот се наведува дека проблемот со статусот на лицата кои живеат на предметната локација во врска со домувањето потребно е да се адресира до Министерството за труд и социјална политика, додека проблемот со пристапот до вода да се адресира до ЈП Водовод и канализација, надлежно за водоснабдување во Град Скопје. Кон ваквиот допис во прилог во копии се доставени Одговор од Општина Гази Баба на Петицијата од [redacted] до Генералниот секретаријат при Владата - Сектор за правни прашања број 08-1266/2 од 15 април 2022 година и Одговор од Општина Гази Баба на Претставка од ЕЦПР до Народниот правобранител број 08-2218/2 од 13 април 2022 година.

На 16.03.2023 година ЈП „Водовод и канализација" – Скопје со допис бр. 0302-1716/2 од 10.032023 година се изјасни по наводите во претставката на [redacted]
Во изјаснувањето се наведува дека од страна на ЈП „Водовод и канализација" - Скопје извршен е увид во податоците за постоечки подземни инсталации кои се дел од градскиот водоводен и канализационен систем и утврдено е дека на [redacted] која е посочена како живеалиште на 25 Ромски семејства составени од 70-80 индивидуи односно локалитет [redacted] не постои улична хидротехничка инфраструктура - водоводна мрежа и фекална канализација на која би можело да се даде соодветен приклучок. Понатаму, се наведува дека е извршен увид и во важечкиот Детален урбанистички план на Општина Гази Баба при што е утврдено дека на посочената локација постои вцртана предвидена улица [redacted] на која уредно е вцртана предвидената хидротехничка инфраструктура – водоводна мрежа Ø150мм, фекална канализација Ø250мм и атмосферска канализација Ø600мм како и низа ново предвидени објекти по должина на улицата сите со ознака индивидуално домување А1 П+2 Пк. На лице место во сегашна состојбата, таму живеат бездомници во субстандардни услови. Следствено, се истакнува дека само Општина Гази Баба и/или други надлежни институции во државата, можат да знаат кога и каде тие можат да бидат преселени, за да можат да се градат предвидените објекти согласно Деталниот урбанистички план. Во изјаснувањето како заклучок се наведува дека реализирањето на ДУП-от е во надлежност на локалната самоуправа односно во овој случај Општина Гази Баба, односно е надлежна за изградба на хидротехничката инфраструктура-водоводната и канализациона улична мрежа во склоп на улицата [redacted] согласно ДУП-от. Дополнително, се истакнува дека ЈП „Водовод и канализација" - Скопје не е надлежен за изградба на уличната хидротехничка инфраструктура, туку за нејзино одржување, реконструкција, санација на дефекти, регулирање на приклучоци на постоечка инфраструктура по ДУП, контрола на квалитетот на водата и слично. На крај во изјаснувањето се наведува дека не станува збор за дискриминација на населението, по било која основа за пристап до водоснабдување со питка, хемиско-бактериолошко исправна вода или пак одведување на фекалните води, туку едноставно локацијата и луѓето кои живеат таму, не се опфатени во нивниот систем поради непостоење на

улична хидротехничка инфраструктура, при што повторно напоменуваат дека не е во нивна надлежност и ингеренција, туку е обврска на Општина Гази Баба.

Комисијата, имајќи ги во предвид изнесените факти и околности во претставката, како и во изјаснувањата од Општина Гази Баба и ЈП Водовод и канализација - Скопје, ја утврди следната фактичка состојба:

Засегнатите лица, како што е наведено во самата претставка, во број од отприлика вкупно 70-80 индивидуи од ромска етничка припадност кои сочинуваат отприлика околу 25 семејства, се всушност населени на подрачје на населеното место [redacted] во Општина Гази Баба со адреса на [redacted]. Местото се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, која територија од општината спаѓа во централното градско подрачје, односно местото се наоѓа на левиот брег на реката Вардар сметано по нејзиното течение, на речиси 500 метри од мостот „Беласица“ во правец на движење по течението на реката, во близина на мостот „Топлификација“.

Местото не претставува населено место во смисла на населба или друг организиран облик на населено место, односно претставува неформална населба. Засегнатите лица домуваат во импровизирани објекти, кои од правен аспект не претставуваат објекти на градба, ниту од траен ниту од привремен карактер. Овие лица согласно доставените податоци, се со статус на бездомници и истите се населени на предметното место во еден подолг период.

Видно од одговорот на Министерството за труд и социјална политика бр. 10-3971/3 од 09.06.2022 година, како ресурс за привремен престој на бездомни лица ова Министерство го има воспоставено Центарот за лица бездомници Чичино село Скопје, кој функционира како организациона единица на ЈУ МЦСР Скопје, но сместува бездомни лица од целата територија на државата. Згрижувањето на бездомни лица во овој центар се остварува единствено со согласност од самото бездомно лице.

Во согласност со Генералниот урбанистички план, делот од објектите на цитираната локација се на планирана улица [redacted] а дел во зона на домување за кои нема донесено Детален урбанистички план. Наведените објекти се на парцели во сопственост на Република Македонија согласно достапните податоци од дигиталната карта на интернет страната на Агенцијата за катастар на недвижности.

На местото согласно дадените услови не постои можност за соодветно вмрежување на засегнатите лица во хидротехничка инфраструктура – водоводна мрежа. Воедно и самата природа на објектите за домување на засегнатите лица, како импровизирани живеалишта, е од таков карактер што истите не можат да бидат предмет на постапка за утврдување на легален статус и вид на градежен објект, со што би се овозможило нивно соодветно вклучување во Деталниот урбанистички план. Комплементарно на тоа, истите не се опфатени и регулирани со позитивните законски прописи кои ги регулираат комуналните дејности и снабдувањето со вода. Во таа смисла засегнатите лица не се корисници на услуга, односно не се приклучени на водоводна и канализациона мрежа.

Комисијата на 27.04.2022 година има донесено Општа препорака бр. 08-243/1, а која препорака се однесува на обезбедување пристап до чиста вода на целата територија на државата од страна на општините и нивните реонски јавни комунални претпријатија. Имено, согласно препораката доколку постојат законски пречки за редовен приклучок до вода преку водоснабдителната мрежа на општината, надлежните власти треба преку соодветни начини врз основа на меѓународна пракса да обезбедат непосреден пристап до вода на ваквите населби во кои најчесто живеат социјално ранливи категории на граѓани како што е ромската етничка заедница. Препораката е во насока на еднаков пристап до вода на сите граѓани и спречување на можна идна дискриминација што недостигот на вода може да го предизвика во областите на образование, здравје, вработување и пристап до јавни добра и услуги.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Имајќи ја во предвид така утврдената фактичка состојба, Комисијата утврди директна дискриминација врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група и имотен статус кон група на лица населени на горенаведеното место.

Имено, согласно дадената состојба засегнатите лица кои го населуваат предметното место се ставени во неповолна положба и нееднаков третман споредбено со останати лица кои имаат пристап до вода со што се исполнува законската дефиниција за директна дискриминација.

Ова од причини што, имајќи ја во предвид Општата препорака на Комисијата бр. 08-243/1 од 27.04.2022 година, правото на пристап до вода е основно човеково право и е основа за човечкото достоинство. Уставот на РСМ во член 1 став 1 меѓу другото, предвидува дека Република Северна Македонија е социјална држава, додека во член 8

став 1 како темелни вредности се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на РСМ. Со резолуцијата на Генералното собрание на Обединетите нации A/Res/64/292 од 28 јули 2010 година, пристапот до безбедна вода за пиење и санитација е признат како самостојно човеково право. Во Општ коментар бр. 15 (2002) - Право на вода (членови 11 и 12 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права) издаден од Економско-социјалниот совет на Обединетите нации, се наведува дека објектите и услугите за вода мора да бидат достапни за сите, вклучително и најранливите или најмаргинализираните делови од населението, законски и фактички, без дискриминација по која било од забранетите основи. Дополнително треба се обезбеди правото на пристап до вода и водни објекти и услуги на недискриминаторска основа, особено за обесправените или маргинализираните групи, а државите членки треба да ја почитуваат, заштитат, олеснуваат и промовираат работата на застапниците за човекови права и другите членови на граѓанското општество со цел да им помогнат на ранливите или маргинализираните групи во остварувањето на нивното право на вода. Комплементарно на тоа е и домашната и меѓународната судска пракса. Во таа смисла Апелациониот суд во Битола во предметот [redacted] утврдил дискриминација сторена од страна на Општина Прилеп и ЈКП Водовод и канализација во областа на пристап до вода и канализација за граѓани Роми, согласно што Јавното комунално претпријатие преку водоснабдителниот систем е должно да обезбедува трајно и непрекинато обезбедување трајна и чиста вода за пиење и тоа е дејност од јавен интерес, а предвидено во член 3 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. Следствено, во поглед на меѓународната пракса, Европскиот суд за човекови права во случајот „Hudorovic and others vs. Slovenia 24816/14, 25140/14" ја потврдува потребата од обезбедување на пристап до вода од страна на државата, со тоа што утврдил дека мерките на државата со која креирале привремено решение во насока на обезбедување на резервоар за вода кој населението го користело за секојдневни потреби, во нелегализирани населби со ромско население, претставувале минимум стандарди, неопходни за остварувањето на правото на вода.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Следствено, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

## ПРЕПОРАКА

1. Се препорачува на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ – Скопје во соработка со Општина Гази Баба да обезбеди пристап до вода во неформалната населба во местото [redacted], Општина Гази Баба, Скопје. Пристапот до вода да се обезбеди преку привремено решение со кое ќе се обезбеди пристап до вода на сите лица, односно семејства кои живеат во предметната населба.

2. Препораката е во насока на отстранување на дискриминацијата и спречување на можна идна дискриминација што недостигот на вода може да го предизвика во областите на образование, здравје, вработување и пристап до јавни добра и услуги.

3. Препораката треба да биде извршена најдоцна во рок од 6 месеци од денот на приемот на ова мислење и за истото да се извести Комисијата.

НАПОМЕНА: Доколку во предвидениот рок во препораката, не се постапи по истата, Комисијата согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен суд.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

- *ЈП Водовод и канализација, ул. Лазар Личеноски бр. 9, Скопје*
- *Општина Гази Баба, ул. Архимедова бр. 2, Скопје*
- [redacted]
- *Архива на КСЗД*